**Известување за концентрација со која Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Актиенгезелшафт, Сојузна Република Германија и Рајнметал АГ, Сојузна Република Германија ќе стекнат заедничка контрола над КС Хуају АлуТех ГмбХ, Сојузна Република Германија (предмет бр. 08-74/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Актиенгезелшафт, со регистрирано седиште на адреса Поршеплац 1, Д-70435 Штутгард, Германија и Рајнметал АГ, со регистрирано седиште на адреса Рајнметалплац 1, 40476, Дизелдорф, Германија ќе стекнат заедничка контрола над КС Хуају АлуТех ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Хафенштрасе 25, 74172 Некарсулм, Германија, по пат на купопродажба на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Др. Инг. х.ц. Ф. Порше Актиенгезелшафт (во понатамошниот текст: „Порше") е германски производител на автомобили кој е специјализиран во развој, производство и продажба на спортски автомобили со високи перформанси, како и на SUV возила и седани. Порше е зависно друштво под индиректна контрола на Фолксваген Актиенгезелшафт, кое е управувачко владејачко друштво на Фолксваген групацијата.

Фолксваген групацијата е активна на светско ниво во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, туристички автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, секој вклучувајќи резервни делови и додатоци. Фолксваген групацијата е активна и во дистрибуција на возила.

Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген (Volkswagen), Фолксваген Комерцијални Возила (Volkswagen Commercial Vehicles), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati).

Фолксваген групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје;
- Порше Брокер АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје;
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје; и
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје.

Приоритетните дејности на овие друштва во Република Северна Македонија се трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

Рајнметал АГ е меѓу добавувачите на иновативни производи од одбранбената и безбедносната индустрија за германските и меѓународните вооружени и безбедносни сили. Преку својот оддел „Енергетски системи“ обезбедува технологии и компоненти за системи за мобилност и погон, вклучувајќи компоненти за мотори и погонски склопови за автомобилскиот и енергетскиот сектор.

Рајнметал АГ нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, но има остварени приходи во Северна Македонија во 2025 година.

КС Хуају АлуТех ГмбХ е автомобилски снабдувач специјализиран за висококвалитетно лиење на алуминиум за лесни компоненти за патнички автомобили и комерцијални возила, како и, во ограничена мера, за мотоцикли. Производственото портфолио вклучува:

- за компоненти за е-мобилност: куќишта за батерии и куќишта за електрични мотори;
- за компоненти за погонски систем: блокови на цилиндри, куќишта за менувачи; главите на цилиндрите не се основна дејност, бидејќи тие само машински се обработуваат, процесот на леење не е во опсегот на друштвото;
- за компоненти за каросерија: надолжни носачи и носачи на амортизери;
- за компоненти за шасија: под-рамки.

КС Хуају АлуТех ГмбХ не е присутно и не остварило било каков приход во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар за производство и снабдување на алуминиумски компоненти за патнички автомобили, комерцијални возила и мотори во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

22.04.2026 година
Скопје